# THE IMPACT OF THE MOBILE DIGITAL DEVICES ON COMMUNICATIONS

**Sanja Adjaip-Velickovski**
International Balkan University, Skopje, N. Macedonia, sanjaadzaip@yahoo.com
**Sead Dzigal**
International Balkan University, Skopje, N. Macedonia, sead.dzigal@gmail.com

**Abstract**: Technological changes and innovations can be observed, analyzed and evaluated from several aspects: economic, social, cultural and few others. It is difficult to point out an invention or technical innovation that has had such a great impact on human development, in such a short period as is the case with communication through mobile electronic devices. The changes brought by the promotion of mobile communication are very dynamic and profound, and the proportions of the phenomenon itself are often described as "revolution" and "tectonic changes in human societies".

After the relatively short period of existence of mobile communication, historically speaking, it can be said that these changes are revolutionary indeed. Precipitously what was distant and difficult to reach became close and immediate. If with the landline phone the world was within our reach, then with mobile communication the world is in our palms. Communication and information flow are completely decentralized, and distance has become largely irrelevant to the ways of communication.

In this paper, the impact of mobile phone devices in communications is examined through: sociological-communication changes in the use of mobile digital devices, primarily through mobile phones; the participation of mobile communication in the segment of individualization, self-definition and self-realization; the specifics and impacts of mobile communication at the level of practical use and at the level of identity and socialization; the functions of mobile communications in modern society in terms of social networks and types of communications; and finally the time management in function of effective use of mobile phone devices.

In addition to the conveniences that mobile digital devices have on communication, this paper also points out the negative aspects of mobile communication that are often perceived as an unpleasant change in relation to previously established habits and social practices.

**Keywords**: Communication, society, telephony, mobile phone, smartphones

# ВЛИЈАНИЕТО НА МОБИЛНИТЕ ДИГИТАЛНИ УРЕДИ ВРЗ КОМУНИКАЦИИТЕ

**Сања Аџаип-Величковски**
Меѓународен Балкански Универзитет, Скопје, С. Македонија, sanjaadzaip@yahoo.com,
**Сеад Џигал**
Меѓународен Балкански Универзитет, Скопје, С. Македонија, sead.dzigal@gmail.com

**Резиме**: Технолошките промени и иновации можат да се набљудуваат, анализираат и вреднуваат од повеќе аспекти: економски, социјални, културни и редица други. Тешко дека може да се посочи пронајдок или техничка иновација која имала толку големо влијание врз човековиот развој, во така кус историски период како што е тоа случај со комуникацијата преку мобилните телефонски уреди. Промените кои промовирањето на мобилната комуникација ги предизвикува се мошне динамични и длабински, а опсегот на самата појава најчесто се опишува како „револуција“ или „тектонска промена во современите општества“.

По релативно кусиот период на постоењето на мобилната комуникација, во историска смисла, може да се каже дека тие промени навистина се револуционерни за комуникацијата. Одеднаш она што беше далечно и тешко досегливо ни стана блиско. Ако со фиксниот телефон светот беше во досег на нашите прсти, тогаш со мобилната комуникација светот се најде во нашите дланки. Комуникацијата и протокот на информации целосно се децентрализира, а далечината стана во голема мера ирелевантна за начините и времето на комуницирање.

Во овој труд се разгледува влијанието на мобилните дигитални уреди во комуникациите преку испитување на: социолошко- комуникациските промени при употребата на мобилните дигитални уреди, пред сè преку мобилните телефони; учеството на мобилното комуницирање во процесот на индивидуализацијата на корисниците, себедефинирањето и себеостварувањето; потоа спецификите и влијанијата на мобилното комуницирање на ниво на практична употреба и на ниво на идентитет и социјализација; функциите на мобилните комуникации во модерното општество од аспект на употребата на социјалните мрежи и

практикувањето на различни типови комуницирања; менаџирање на времето во функција на негово ефективно користење и други теми поврзани со наведените.
Покрај погодностите што ги има влијанието на мобилните дигитални уреди во комуникациите, во овој текст се посочува критички и на негативните аспекти на мобилното комуницирање, а кои најчесто се доживуваат како непријатна промена во однос на претходно воспоставените навики и социјални практики.
**Клучни зборови**: Комуникација, општество, телефонија, мобилен телефон, паметни телефони

## 1. ВОВЕД

Идејата за мобилен телефон се пројавува заедно со потребата човекот да произведе подвижно комуникациско средство кое ќе ја совлада одалеченоста и ограничувањата кои произлегуваат од неа. Првиот примитивен мобилен телефон бил презентиран во 1946 година во САД и наликувал на еден вид „воки-токи" радио станица. Оној кој сакал да повика некого преку овој телефон морал рачно да одбере слободен канал и потоа да го замоли операторот да го поврзе со одреден број, а повикот можел да се одвива само во една насока. Ова било надминато во 1964 година кога било воведено автоматско бирање и поврзување на слободен канал, кој мобилниот телефон можел да го употребува за тој повик, а разговорот можел да се одвива двонасочно (Link & Donner, 2017: 25-27).
Покрај постапниот технолошки прогрес на техничката конфигурација (хардверот) на мобилните телефони и минијатуризација на самиот апарат, клучен чекор било воведувањето на целуларниот систем на покривање на територијата со мобилна мрежа (просторот се дели на парцели, cells-англ., за кој се користат по еден трансмитер и еден приемник). Целуларниот систем на покривање на теренот за прв пат бил воведен во Јапонија во 1979 година, а следни по нив биле САД и Велика Британија во 1983 година. Оттогаш во поголемиот број од развиените земји бил отворен патот за масовна употреба на мобилните телефони (ibid.).
На глобално ниво експанзијата на употребата на мобилната телефонија се случил во периодот на преминот помеѓу двата милениума. „Припејд" (претплатничкиот) систем, кој ги намалил цените и вовел подобра контрола во трошоците, за прв пат бил воведен во 1998 година по што употребата на мобилните телефони нагло се зголемува, особено кај помладата, економски нестабилна, популација. Продажбата и употребата на претплатничките ваучери (т.н. „pay as you go", англ.) значело дека нема потреба од плаќање со кредитни картички, дебитни чекови и слично, така што голем дел од младите масовно почнале да ги купуваат и употребуваат мобилните телефони. Значаен настан, исто така, бил воведувањето на „СМС" услугите (SMS-Short Messages Service, англ.) во јануари 1999 година. Ова во извонредно висока мера го поттикнало и зголемило употребувањето на мобилните телефони, повторно во најголем број кај помладите корисници. „СМС" е сервис кој им овозможи на корисниците да праќаат куси пораки (во должина од најмногу 160 знаци) од еден кон друг мобилен телефон (Hollows, 2016: 96-97).
Претставувањето на моделот iPhone на компанијата Apple во 2007 година, кој предизвика вистинска револуција кај мобилните теелфони, е клучна фаза на масовното воведување во употреба на паметните телефони. Сепак, кога зборуваме за револуционерни чекори,ова секако не е првиот, а историјатот на т.н. „смартфони" е нешто посложен. Во индустријата за прв паметен телефонски уред се смета моделот на IBM, Simon Personal Communicator (SPC) од 1992 година. Овој модел од новите типови на комуникациски услуги, покрај тоа што бил на допир, бил во можност да праќа и прима електронска пошта и факсови, а имал и свои апликации за календар, роковник и адресар на контакти. Следна клучна развојна фаза била воведувањето на третата генерација на мобилни уреди (3G) во 2001 година, кога се стандардизираше поврзувањето на мобилните телефони на интернет. Предводник на пазарот во овој период беа Nokia и Blackbery. По претставувањето на iPhone во 2007 година развојот на паметните телефони уште повеќе доби на своја динамика (ibid.), во која подоцна се приклучија производители до Јужна Кореја (Samsung) и Кина (Huawei, Xiaomi).

## 2. СОЦИОЛОШКО-КОМУНИКАЦИСКИ ПРОМЕНИ ПРИ УПОТРЕБАТА НА МОБИЛНИТЕ ДИГИТАЛНИ УРЕДИ

Во најважните социолошки ефекти кои користењето на мобилниот телефон ги предизвикува може да се напомене дека тие се надоврзуваат и ги надградуваат процесите започнати од воведувањето на фиксната телефонија. Фиксниот телефон е комуникациски уред кој во времето на своето воведување ја смени свеста и навиките на човекот во однос не за комуницирањето, туку и во однос на човековата перцепција на светот.
Даниел Чендлер (Daniel Chandler) во својата студија од 2006 година ги наведува следните наоди: „Запишав неколку броеви од јавните говорници во Grand Central Station и од аеродромот 'Кенеди' во Њујорк и потоа се јавував на овие броеви. Речиси секогаш некој ќе се јавеше и ќе одговореше на повикот. Кога ќе ги прашав, зошто одговараат на повикот, тие одговараа, 'Затоа што ѕвонеше'" (Chandler, 2006). Според Чендлер

„социјалните норми на нашите општества пропишуваат дека на телефонски повик треба да се одговори и дека треба да се вклучиме во повикот за комуникациска интеракција“. Реакцијата која се пројавува во вакви ситуации и која навидум се доживува како нелогична, се однесува на тенденцијата да се одржи комуникацискиот тек и да се одговори на повикот, односно активно да се учествува во процесот на комуницирање.

Комуникацијата се доживува како крвоток на социјалната заедница кој треба да биде одржуван (Tomić, 2003). Практиките во користењето на мобилните телефони се менуваат и често се случуваат важни промени кои влијаат на културната идентификација и пракса на самите корисници. На пример, идентификацијата на телефонскиот број на повикувачот ја стеснува неизвесноста и несигурноста кој и зошто се јавува, што влијае на мотивираноста и подготвеноста дасе вклучиме во комуникација која со овој технички пронајдок ни нуди опционалност за вклучување во комуникацијата. Претходно оформените листи на контакти или претходно користените телефонски броеви сигнализираат кој се јавува, а тоа може да помогне на повиканиот да ја претпостави причината поради која се јавува повикувачот. Токму во вакви инстанци се случува процесот на инстантна индивидуализација на чинот на комуницирање, односно комуницирањето се фокусира единствено кон поединецот кој треба да одлучи дали да се јави или не. Фокусот на комуницирањето е поединецот и неговото социјално менаџирање на сопствената позиција во мрежата на социјални и комуникациски односи, а не комуникацијата *per se*. Навиките за автоматско одговарање на секој повик и сослушување на соговорникот во секоја ситуација можат да избледнеат и да се загубат во процесот на менаџирање на сопствената комуникација и времето на поединецот. Со други зборови, преминот при комуникацијата од фиксен кон мобилен телефон е директен, технолошки овозможен, процес на индивидуализација на учесникот во комуникацијата во особено висок степен.

Учеството во мобилното комуницирање е дел од индивидуализацијата, себедефинирањето и себеостварувањето на поединецот, наспроти апсорпцијата во јавното комуницирање преку фиксниот телефон, или пак другите електронски медиуми, така што поединецот во мобилниот телефон добива своја не само комуникациска туку и идентитетска екстензија која во голема мера е сигнал за она што е тој и кое е неговото, реално, или пак потенцијално, замислено или посакувано, место во заедницата. Со мобилните телефонски уреди комуникацијата и протокот на информации целосно се децентрализира, а оддалеченоста станува во голема мера ирелевантна за начините и времето на комуницирање. Мобилната телефонија го започна процесот на длабински промени во начините деловното работење. Индивидуализацијата на посредната комуникација започнува со фиксниот телефон, бидејќи тој на соговорниците им овозможува слобода и лично изразување кое дотогаш не било можно. Гласот, неговата боја, динамика, одговорањето на кое не треба да се чека со денови или недели, бие голем прогрес за самата комуникација. Со телефонот континентите станале поблиски, а луѓето со кои се разговара поважен дел од секојдневието и животот. Телефонот бил првиот уред кој овозможувал духот на соговорникот да биде изразен преку неговиот сопствен глас и можел да ја пренесе пораката без да се „пренесува сопственото тело,, до местото на другиот соговорник. Мобилниот телефон задржа некои особености и правила на посредно гласовно комуницирање, но воведе и редица нови специфики кои значајно ја сменија комуникацијата.

## 3. СПЕЦИФИКИ И ВЛИЈАНИЈА НА МОБИЛНОТО КОМУНИЦИРАЊЕ

Мобилните телефони набргу по својата промоција и почетокот на комерцијалната употреба од практични средства стануваат еден вид уреди кои морате да ги имате. Како надополнување на својата практичност, за мобилните телефони може да се додаде дека таа не е единствената причина за нивната брза масовна употреба и здобивање статус на неопходно средство. Брзата технологизација на модерните општества и новата ориентација на маркетиншките стратегии кон поединецот и неговите потреби (односно кон желбите како категорија која ги надминува основните човекови потреби) во можеби најидеална форма се преклопија во случајот на пропагирањето на мобилната телефонија. Може да се заклучи дека комуницирањето никогаш немало поголемо значење во општеството отколку што е тоа случај денес. Мобилниот телефон станува клучен уред за спроведување на новата глобална култура на индивидуализација и креирање идентитети во современото потрошувачко општество (Jenkins, 2007).

Пропагирањето и рекламирањето на употребата на мобилните телефони се покажа како двослојно: од една страна се пропагира новата технологија, но воедно се промовира и поединечниот бренд (производувач, модел, услуга и сл.). Оваа двојност му даде дополнителен импулс на масовното користење на мобилните телефони. Со еволуцијата на мобилните телефони настана еден вид на „умножување на функциите на телефонот“ (Majerson, 2003). Од едноставни средства за комуникација на далечина и во движење, мобилниот телефон активно прифаќа и апсорбира функции кои дотогаш беа специфични и подразбирливи за други социјални пракси и технолошки помагала. Таа мултипликација се разгранува на две нивоа: (а) ниво на

практична употреба и (б) ниво на социјализација и идентитет. На тој начин, телефонот презема улоги на редица уреди: фиксен телефон, компјутер, музички уред, обележје на стилска ориентираност, сигнализатор на идентитетот и стилот, социјалната припадност и слично. Кумулативниот ефект на оваа мултипликација предизвика општо чувство на натурализација на местото на мобилниот телефон во секојдневниот живот до тој степен што денес често може да го слушнете прашањето, како луѓето воопшто живееле досега без мобилни телефони?

## 4. ФУНКЦИИ НА МОБИЛНИТЕ КОМУНИКАЦИИ ВО МОДЕРНОТО ОПШТЕСТВО

Функциите кои мобилните комуникации ги вршат во модерното оштество можат, условно, да се класифицираат како:

- *Нови видови на социјализација*: Комуникациските мрежи оформени од мобилните телефони одржуваат и зајакнуваат одреден вид нови социјални мрежи и типови на комуникации. Таму каде порано создавањето и одржувањето на контактите не било можно денес тоа лесно се прави со посредство на мобилните телефони. Индивидуализацијата на комуникацијата преку размена на лични мобилни броеви создава пофлексибилна социјализација со повеќе можности во интеракцијата и ширењето на мрежата на контакти. Мобилните компании го поттикнуваат овој процес нудејќи „чат“ или други комуникациски сервиси. Според Чендлер (2006) ваквите флексибилни комуникациски и социјални мрежи „имаат тенденција да ја намалат осаменоста, вознемиреноста, да ги зајакнат чувствата на сигурност и да ја одржат кохезијата во кругот на семејството и пријателите, односно познаниците“. Авторот додава дека оваа појава резултира во оформување на нов вид „псхихолошки соседства“.
- *Менаџирање на времето*: Времето во денешни услови има висока цена, а користењето на мобилните телефони помага за заштеда на времето, што се наведува како една од клучните одлики на овие комуникациски уреди. За да разговарате со некого, да размените информации, оставите порака, договорите средба, искоординирате некоја активност која инволвира повеќе лица, ќе заштедите време со користење на неколку повици. Ограничената достапност на одредени лица преку фиксен телефон, заради просторната фиксираност на овие уреди, денес се релативизира и наместо да чекате некого да се врати дома или на работното место каде има фиксен телефон, со повик кон личниот број се заштедува во време. Ваквите ситуациони комуникациски предности се бројни и ја поттикнуваат поврзаноста на мобилното комуницирање со нашите навики (Ling, 2016: 74-77).
- *Координација*: Луѓето со мобилните телефони полесно ги координираат своите обврски и средби и полесно ги менаџираат своите социјални активности, но секако не би можело да се каже дека сето тоа не би било возможно и без овие средства. Од друга страна достапноста во секој дел од денот и речиси секаде може да влијае во компликување на социјалните активности, презафатеноста и тешкотиите во менаџирањето на времето и контактите со другите. Од овие причини и произлегува изразот дека „живееме во брзо време, кое носи многу стрес“. Всушност, одговорноста за своето време и социјалните ангажмани целосно се префрла на поединецот и тој преку својата способност ја има целосната одговорност да го организира сопственото време и активностите. Многу често присуството на стресот ја покажува својата негативна страна со која мобилизираните корисници мораат да се соочат (Ling, 2016: 79-81).
- *Безбедност*: Една од најчесто наведуваните причини за користење на мобилните телефони е безбедноста. Родителите се посигурни во безбедноста на своите деца кога тие им се постојано достапни за повик. Исто, така, возрасните сметаат дека ако нивните постари, болни или изнемоштени родители имаат телефон при себе, полесно ќе им излезат во пресрет и ќе им одговорат во секој дел од денот, овозможувајќи им релативна слобода на движење која не би ја имале без мобилниот телефон. Луѓето кои често патуваат сметаат дека се побезбедни ако можат при каква било ситуација да се јават до блиските, до соодветни служби за помош и слично. Во ситуации на опасност и итни случаи, мобилниот телефон е незменливо средство (Clark, 2013: 32-35).
- *Индиидуализација*: Поголем број студии покажуваат дека ефектот на мобилните телефони и мобилната комуникација врз навиките и оформувањето на идентитетот се поинтензивни кај помладите корисници. Притисокот на средината за користење на мобилниот телефон, кај помладите исто така е поизразен. За нив мобилниот телефон е далеку најважно комуникациско средство поради повеќе причини од кои се издвојуваат следните две: (а) телефонот им овозможува оформување и проширување на нивниот социјален простор со оформување на комуникациски мрежи со своите пријатели и блиски без многу рестрикции и по нивен слободен избор, (б) втората позначајна причина е осамостојувањето од родителите и постарите преку користење на приватноста во комуницирањето која мобилниот телефон им ја овозможува. За разлика од домашниот фиксен телефон кој помалку или повеќе е контролиран од родителите, мобилниот нуди потполна осамостоеност на тинејџерот во однос на тоа со кого и кога ќе комуницира (Link & Donner, 2017: 44).

- *Деловна комуникација*: Деловното работење во денешни услови со помош на мобилната телефонија е сменето од корен. Ограничувањата кои фиксната телефонија ги наметнуваше во бизнис комуникацијата значително се рефлектираше и на можностите за деловно работење и условите во кои различни зделки се договарале и изведувале. Денес работите на тој план се драстично различни, па договарањето повеќе не мора да се сведе на формални состаноци, деловни средби, закажани конференциски разговори и слично. Деловниот свет со отворени раце ја прифати и нашироко почна да ја користи мобилната телефонија, а мобилниот телефон стана симбол на глобално ниво на новата интернационална економија. Неговата корисност е важна во иста мера и за малите бизниси, а не само за корпорациите. Луѓето ја имаат слободата на движење кое не ги попречува во исто време да менаџираат со работните обврски, така што економијата потполно се редефинира (Silver et al., 2019). Просторната сместеност на бизнисот во рамки на одредена канцеларија или претставништво секако сè уште е важно, но голем број од вистинското работење и деловното договарање значително се дислоцира од просторните утврдености. Може да се каже дека со експанзијата на мобилната телефонија со отворија сосема нови можности во деловниот свет. Комбинирањето на мобилната телефонија со интернетот отвори простор за сосема нов вид работење, т.н. „работење од дома“. Оваа функција на мобилната телефонија дојде до израз особено во периодот на светската пандемија ,,Ковид 19“ кога најголем дел од светскиот бизнис се преориентира на „работење од дома“ што приднесе за спас на економијата од целосен колапс. Како резултат на користењето на мобилниот телефон традиционалната одвоеност на работното и на слободното време се губи. Луѓето сега постојано се во ситуација да бидат истовремено слободни, но и со обврска да го планираат своето време повнимателно и да прават многу повеќе избори.

### 5. НЕГАТИВНИ АСПЕКТИ ОД МОБИЛНОТО КОМУНИЦИРАЊЕ

Погодностите на мобилните телефони се бројни. Но, како што тоа е и најчест случај со новите технологии, покрај позитивните и прогресивните страни, таа носи со себе промени кои се често негативни и се доживуваат како непријатна промена во однос на претходно воспоставените навики и социјални пракси. Според истражувања на MIT универзитетот од САД (Link& Donner, 2017). Над 30 проценти од испитаниците на прашањето ,,која е најнужната техологија од која не би можеле да бидат одвоени“, одговориле дека тоа е мобилниот телефон. Во слична насока се движат и заклучоците на истражувањето на Италијанското здружение на потрошувачи (ibid.) кои укажале на тоа дека од 300 корисници кои биле одвоени од своите мобилни телефони во времетраење од две недели, една четвртина изјавила дека ова силно влијаело на нивната самодоверба, предизвикало сексуални проблеми, а секој шести испитаник доживеал различни степени на депресија и губење на апетит.

Претходните истражувања покажуваат дека достапноста која мобилниот телефон му ја овозможува на поединецот, за жал, во исто време овозможува и полесно нарушување на приватноста и побројно присуство на голем број аномалии и недозволени социјални однесувања (Gerpott, 2016). Вознемирувањето преку телефон е една од најприсутните негативни појави која достапноста до корисникот ја овозможува. Случаи на криминално или девијантно однесување можат, исто така, мошне лесно да се извршат преку мобилен телефон. Во С. Македонија во 2015 година беше реактуелизирана аферата со прислушување на телефоните на јавни личности, а стана очигледно дека постои техничка можност прислушувањето да се врши врз секого во секое време без јасна институционална заштита. Скандали од таков тип не се ретки поради што сè повеќе расте загриженоста од овој тип на надзор врз корисниците. Ова секако може да има сериозни последици врз жртвите на вакви незаконски активности.

Иако возењето и зборувањето на мобилен телефон е недозволено и законски санкционирано во С. Македонија од 2005 година, сепак целосната достапност на корисниците останува го вклучува и времето кое возачите го поминуваат во своите автомобили. За повеќето од нив е практично многу тешко да се одбие повик, особено кога примателот знае кој го повикува или пак повикот се однесува на некоја работа која возачот ја очекува. Менаџирањето на сопствената комуникација го става корисникот во мошне сложени ситуации при кои тој, во обид да најде компромиси, најчесто заборава на прописите и на поширокиот контекст како на сопствената безбедност, така и на безбедноста на другите учесници во сообраќајот.

### 6. ЗАКЛУЧОК

Мобилната телефонија внесе длабински промени во комуникацијата и во општествата. Не треба да се заборави дека пред појавата на телефонот за комуницирање на далечина на располагање на луѓето им биле само две средства: писмото и телграфот. Промените кои телефонот ги внесе навистина беа револуционерни, а интеракцијата помеѓу луѓето се смени од корен. Она што дотогаш беа само кодирани знаци на хартија се преточи во жив човечки глас кој одговараше инстантно и го создаваше чувството дека соговорникот е

речиси покрај вас. Оттука произлегува заклучокот дека звучната комуникација е далеку побогата и поисполнета од комуникацијата преку симболи и знаци.

Мобилното комуницирање длабински ги смени тековите во општествата и начините на комуницирање помеѓу луѓето и внесе изобилство на варијации во комуницирањето. Од едноставни средства за комуникација на далечина и во движење, мобилниот телефон активно прифаќа и апсорбира функции досега специфични и подразбирливи за други социјални пракси и технолошки помагала. Таа мултипликација се разгрануваше на две нивоа: (а) нивото на практичните употреби и (б) ниво на идентитетот и социјализацијата. Мобилниот телефон ја разгради традиционалната структура на секојдневниот живот и ја направи поеластична.

Учеството во мобилното комуницирање е дел од индивидуализацијата, себедефинирањето и себеостварувањето на поединецот, наспроти апсорпцијата во јавното комуницирање преку фиксниот телефон, така што поединецот во мобилниот телефон добива своја комуникациска екстензија која во голема мера е сигнал за она што е тој и кое е неговото, реално, или пак потенцијално, замислено или посакувано, место во заедницата. Со мобилните телефонски уреди комуникацијата и протокот на информации целосно се децентрализира, а оддалеченоста станува во голема мера ирелевантна за начините и времето на комуницирање.

Со експанзијата на мобилната телефонија со отворија сосема нови можности во деловниот свет. Комбинирањето на мобилната телефонија со интернетот отвори простор за сосема нов вид работење, т.е. „работење од дома“. Оваа функција на мобилната телефонија дојде до израз особено во периодот на светската пандемија „Ковид 19“ в0 2020 година кога најголем дел од светскиот бизнис се преориентира на „работење од дома“ што приднесе за спас на економијата од целосен колапс.

Погодностите на мобилните телефони се бројни. Но, како што тоа е и најчест случај со новите технологии, покрај позитивните и прогресивните страни, таа носи со себе промени кои се прилично негативни и се доживуваат како непријатна промена во однос на претходно воспоставените навики и социјални пракси. Влијанието на мобилните дигитални уреди во комуникациите треба внимателно да се следи и анализира и преку системски и законски решенија да се придонесува кон нивна регулирана примена во функција на поквалитетни и поефикасни комуникации.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Chandler, D. (2006). Using the Telephone, U. Wales, Aberystwyth, retrieved 05.09.2020 from http://visual-memory.co.uk/daniel/Documents/short/phone.html

Clark, B. (2013). Cellular Phones as a Primary Communications Device: What are the Implications for a Global Community?. Global Media Journal.

Gerpott, T. (2016). *Attitudes and Behaviors of Mobile Network Customers*. Rainer Hampp Verlag. Munchen, Germany.

Hollows, J. (2016). *Media Studies*. John Murray Learning, London.

Jenkins, H. (2007). *Convergence Culture*. NYU press. New York.

Ling, R. (2016). *The Mobile Connection*: The Cell Phone's Impact on Society (Interactive Technologies). Morgan Kaufmann Publishers.

Link, R. & Donner, J. (2017). *Mobile Communication* (3rd edition). Polity Press. London.

Majerson, Dž. (2003). *Hajdeger, Habermas i mobilni telefon*. Esotheria, Beograd.

Silver, L. et al. (2019). *Mobile Connectivity in Emerging Economies*. PEW Reasearch Center. USA.

Tomić, Z. (2003). *Komunikologija. Čigoja* (2 ed.) Beograd.